Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

ИП1 15-166
Дата:08.04.2022, Скопје,

Државниот Инспекторат за животна средина преку Хусни Тачи ,со службена легитимација број 06-0020, изврши Вонреден инспекциски надзор во ЈПК ПИША – Липково, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр.бб с.Липково, Липково, застапувано од Валдете Рамадани , и со Записник бр ИП1 15-166 од 07.04.2022 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 и 2 од Закон за управување со отпад со отпад, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 216/2021), и член 83 од Законот за инспекциски надзор ( Сл.весник на РСМ бр. 50/11...102/2019) донесе:

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Павел Шатев бр.2.
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: s.stojkovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati I pestë
Pallati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E s.stojkovski @ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

РЕШЕНИЕ

СЕ ЗАДОЛЖУВА, ЈПК ПИША – Липково, со седиште на ул. Населено место без уличен систем бр.бб с.Липково, Липково, застапувано од Валдете Рамадани, по приемот на решението, да ги превземе следниве мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник број ИП1 15-166 од 07.04.2022 и тоа:

1. Да го изгасне пожарот, во нестандардната депонија во атарот на с. Никуштак.
   Рок: Веднаш

2. Да врши планирање, порамнување и покривање со земја на комуналниот отпад што го одлага во нестандардната депонија во атарот на с.Никуштак
   Рок :30дена(триесет ),

3. Да постави резервоар со вода за брза интервенција и гаснење на пожарот во случај на опожарување на депонираниот комунален отпад.
   Рок :30дена(триесет),

4. Да го огради местото за одлагање на отпадот за да се спречи слободниот пристап на неовластени лица и животни во нестандардната депонија.
   Рок :90дена(деведесет),

5. Да постави рампа односно влезни врати –Капии кои по завршување на работното време ќе се заклучат;
Рок: 90дена(девесет),

6. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1,2,3,4 и 5 на оваа решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено /или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

7. Жалбата против оваа решение не го одлага неговото извршување.

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: s.stojkovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati I pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta–E s.stojkovski @ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот Инспекторат за животна средина изврши Вонреден инспекциски надзор во ЈПК ПИША – Липково, со седиште на ул. Населено место без уличен систем, бр.бб Липково, Липково, при што со Записник бр ИП1 15-166 од 07.04.2022 година, ја утврди фактичката состојба. При инспекцискиот надзор се констатира следното: ЈПК ПИША – Липково е регистрирана за вршење на дејноста 03.4 Комуналии, односно врши собирање транспорт на комуналниот отпад што го собира од домаќинствата во Регионот на Липково. Собраниот комунален отпад го транспортира во нестандардизираната депонијата во атарот на с. Никуштак каде врши негово одлагање – депонирање. Транспортот го врши со сопствените возила-камиони за транспорт на комунален отпад. За дејноста собирање и транспортирање на комунален отпад поседува дозвола бр. УП1 – 31 1595/2018, од 26.12.2018 година со рок на важност до 24.12.2023 година. Местото за одлагање на отпад не ги исполнуваше минималните услови за одлагање на отпад за што се задолжи да ги отстрани неправилностите утврдени со записникот бр ИП1 15-166 од 07.04.2022 година.

Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно член 117 став 3 од Законот за управување со отпад (Сл.весник на Р.С.М. бр. 216/2021).

Жалбата изјавена против оваа Решение не го одлага неговото извршување.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се таксира со 250,00 (двестаипедесет)денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр ИП1 15-166 на ден 08.07.2022 година.

ГЛАВЕН ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи

Доставено до:
-Архива,
- ЈПК ПИША – Липково, со седиште на ул. Населено место без уличен систем, бр.бб с.Липково, Липково

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: s.stojkovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E s.stojkovski @ sei.gov.mk
Web. www sei.gov.mk